**20110531472**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА ОД ЈОНИЗИРАЧКО ЗРАЧЕЊЕ И РАДИЈАЦИОНА СИГУРНОСТ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 11 април 2011 година.

Бр. 07-1998/1
11 април 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА ОД ЈОНИЗИРАЧКО ЗРАЧЕЊЕ И РАДИЈАЦИОНА СИГУРНОСТ

Член 1

Во Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност („Службен весник на Република Македонија“ број 48/2002 и 135/2007), во членот 7 по ставот 2 се додаваат 22 нови става, кои гласат:

„Постапката за издавање дозвола од членот 7 став 1 на овој закон започнува со поднесување на барање до Дирекцијата.

Барањето од ставот 1 на овој член се поднесува на два идентични обрасци со прилог на докази.

Дирекцијата во рок од 30 дена од приемот на барањето од ставот 1 на овој член донесува дозвола, а доколку со закон поинаку е утврдено Дирекцијата може да го продолжи овој рок за најмногу уште 30 дена, за што го известува подносителот на барањето.

Доколку директорот на Дирекцијата не донесе решение за издавање на дозвола, односно не донесе решение за одбивање на барањето во рокот од ставот 3 на овој член, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена да поднесе барање до писарницата на директорот на Дирекцијата и директорот да донесе решение.

Формата и содржината на барањето од ставовите 1 и 4 на овој член ги пропишува директорот.

Кон барањето од ставот 4 на овој член подносителот на барањето доставува и копија од барањето од ставот 1 на овој член.

Директорот на Дирекцијата е должен во рок од пет работни дена од денот на поднесување на барањето од ставот 4 на овој член до писарницата на директорот на Дирекцијата да донесе решение со кое барањето за издавање на дозвола е уважено или одбиено. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на Дирекцијата.

Доколку директорот на Дирекцијата не донесе решение во рокот од ставот 7 на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот 8 на овој член да изврши надзор во Дирекцијата дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето.

Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува директорот на Дирекцијата во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање, односно да го одобри или одбие барањето и да го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање.

Доколку директорот на Дирекцијата не одлучи во рокот од ставот 10 на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена, во кој директорот на Дирекцијата ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

Доколку директорот на Дирекцијата не одлучи и во дополнителниот рок од ставот 11 на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот 9 на овој член, подносителот на барањето во рок од пет дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена да го разгледа приговорот од ставот 13 на овој член и доколку утврди дека инспекторот од Државниот управен инспекторат не постапил по известувањето од подносителот на барањето од ставовите 9 и 10 на овој член и/или не поднесе пријава согласно со ставовите 11 и 12 на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во Дирекцијата дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето.

Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот 14 на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето.

Во случајот од ставот 15 на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден, ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

Во случаите од ставот 16 на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето.

Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот 14 на овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

Доколку директорот на Дирекцијата не одлучи во рок од ставот 12 на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

Постапката пред Управниот суд е итна.

Подзаконскиот акт од ставот 5 на овој член се донесува во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

По донесувањето на подзаконскиот акт истиот веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа се објавува на веб страницата на Дирекцијата.“

Ставовите 3 и 4 стануваат ставови 24 и 25.

Член 2

Во членот 11 ставот 2 се менува и гласи:

„Против решението на Дирекцијата со кое барањето за издавање на дозвола се одбива може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.“

Член 3

Во членот 30 став 1 зборовите: „надлежната комисија на Владата на Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“.

Член 4

Одредбите од членовите 2 и 3 на овој закон ќе започнат да се применуваат со започнувањето на примената на Законот за основање на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.